Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

| Примено: / E pranuar: | 24-02-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број: / Numri: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë: |
| 55 | 2071/1 | | |

0302-5014
21.02.2025

До:
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Слободен пристап до информации контакт
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

| Примено: | 19. 03. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 25 | 398/1 | | |

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ова барање ќе ви биде доставено и по електронски пат на горенаведените емаил адреси. Ве молиме одговорите да ни ги доставите и во електронска форма – [redacted] Информациите кои се бараат во ова барање се за период Јануари 2024- Март 2025. Ве молиме како Национален Координатор за Роми и Кабинет задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Роми 2022-2030 да ни доставите одговор на следните прашања:

<u>Согласно НАП за приоритетна област Образование 2023-2025:</u>

1. Број на деца Роми запишани во претшколско образование (распределени по пол) за 2024/2025 година?
2. Број на деца Роми кои завршиле претшколско образование (распределени по пол) за 2023/2024 и 2022/2023?
3. Број на ученици Роми запишани во основно образование (распределени по пол) за 2024/2025?
4. Број на ученици Роми кои завршиле основно образование (распределени по пол) за 2022/2023 и 2023/2024?
5. Број на ученици Роми запишани во средно образование (распределени по пол) за 2024/2025?

6. Број на ученици Роми кои завршиле средно образование (распределени по пол и општини) за 2022/2023 и 2023/2024?
7. Број на студенти Роми запишани во високо образование (распределени по пол) за 2024/2025?
8. Број на студенти Роми кои завршиле високо образование (распределени по пол, универзитет и факултет) за 2022/2023 и 2023/2024 во приватните и државни универзитети?
9. Каков е процентот на опфат на деца Роми во предучилишно образование за 2022, 2023, 2024 и 2025?
10. Број на Роми медијатори во предучилишно образование и стручни лица Роми вработени во градинките (разделено по пол и градинки и работна позиција) во 2024?
11. Број на родители на деца Роми приматели на ГМП и минимална плата во 2024?
12. Број на отворени центри за ран детски развој во ромски населби во 2024?
13. Број на вработени Роми наставници во основните училишта во Северна Македонија (разделено по пол, училиште и предметна настава)?
14. Број на вработени Роми наставници во средните училишта во Северна Македонија (разделено по пол, училиште и предметна настава)?
15. Колку работилници биле организирани со родителите Роми во 2024 со цел Подигање на свеста на родителите Роми за потребата од ран детски развој?
16. Колкав е процентот на опсипување на децата Роми во основното образование во 2024 година?
17. Број на ангажирани педагошки помошници во основно образование за децата Роми за учебната 2023/2024 и 2024/2025?
18. Број на ангажирани ромски образовни медијатори во основно образование за учебната 2023/2024 и учебната 2024/2025?
19. Ве молам доставете статус на следната активност на Владата- ревидирање на учебниците по изборниот предмет јазик и култура на Ромите од 3 до 5 одделение и изработка на учебници од 6 до 9 одделение (Закон за учебници во основно и средно образование) – Измена на закон во иднина и намалување на критериумите на формирање на рецензентска комисија за учебници по изборниот предмет јазик и култура на Ромите (3 до 9 одделение)?
20. Број на ученици Роми кои ја искористиле можноста и мерката од 10% при упис во средно образование за учебната 2023/2024 и 2024/2025?
21. Број на извршени инспекциски контроли во средните училишта за бројот на ученици Роми на почеток, средина и завршеток на учебна година за учебната 2023/2024?
22. Број на доделени стипендии за ученици Роми од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 и за учебната 2024/2025?
23. Број на ангажирани ромски образовни медијатори во средно образование (разделени по пол, општина)?
24. Каква е искористеноста на квотата за Роми при упис на факултетите, колку Роми ја искористиле квотата за 2023/2024 и за 2024/2025 (разделено по факултети)?
25. Колку Роми добиле стипендија за високо образование за 2023/2024 и 2024/2025 (разделено по универзитети и факултети)?
26. Дали е изготвена програма за комплетирање на основно и/или средно образование за возрасни Роми во 2024?

27. Број на возрасни Роми кои го комплетирале своето основно и средно образование во 2024 година и од кој фонд (буџетски средства или средства од проект и во рамки на кој проект)?

Согласно НАП за приоритетна област Култура 2023-2025:

28. Дали е основан Ромски Културен Центар во рамки на националниот буџет со обезбеден простор од државниот имот? Доколку е истиот основан, ве молам доставете информации за неговото работење?
29. Дали е формирана културна асоцијација на уметници, артисти, музичари Роми?
30. Дали постои дата база на податоци на талентирани млади Роми (историчари, уметници, етнолози, лингвисти), доколку да, ве молам да доставите повеќе информации?
31. .Број на поддржани индивидуални уметници и организации за развој во рамки на националниот буџет за култура во 2024?
32. Број на поддржани културни проекти за Роми во 2024 година од националниот буџет за култура?
33. Број на вклучени Роми во работните комисии во сектор за фолклор и сектор за книга при Министерство за култура?
34. Број на запишани студенти Роми на факултет за уметности во 2023/2024 и 2024/2025 (разделено по пол)?
35. Дали е обезбедена квота за студенти Роми на Факултетите за драмска уметност, музичка култура, ликовна уметност, филмска уметноста?
36. Дали е планирано доделување на награда или признание за несебичен придонес кон негувањето на јазикот и културата на ромската заедница во рамки на националниот буџет за култура?
37. Како финансиски се поддржува развојот на ромската редакција на националната телевизија?
38. Дали Бирото за развој на образованието подготви концепт за историјата на ромската заедница и идентитет кој беше планирано да биде презентиран на наставни активности во одделенијата 5-7 одделение?
39. Дали наставните програми во соодветните предмети за 5-7 одделение имаат воведено содржина за ромскиот идентитет, историја и култура?
40. Дали Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците објавува Годишен конкурс за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија?

Согласно НАП за приоритетна област Здравство 2023-2025:

41. Која е стапката на морталитет кај ромската заедница во 2023, 2024 и 2025 година?
42. Наведете ја стапката на смртност помеѓу доенчињата Роми и националниот просек за 2023, 2024, 2025 година?

43. Кој е процентот на опфатеност на жени Роми со гинеколошки услуги (разделено по општини) за 2024 ?
44. Како жените Ромки ја користат Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца во Република Северна Македонија, Ве молам обезбедете извештај за 2024 година?
45. Дали постои советувалишта за унапредување на репродуктивно и сексуално здравје на жените Ромки во социјален ризик и доставете извештај за неговото работење за 2024 година?
46. Број на здравствени медијатори Роми во Северна Македонија за 2024 година (разделени по општини) и извештај за нивната работа за 2024 година?
47. Ве молам известете дали е усогласен начинот на обезбедување на здравствено осигурување за лицата кои немаат комплетна лична документација?

<u>Согласно НАП за приоритетна област Домување 2023-2025:</u>

48. Број на ромски населби во општините кои не се урбанизирани, односно за кои општината нема донесено детален урбанистички план? Кои се плановите на општините во насока на урбанизирање на ромските населби?
49. Број на легализирани објекти каде живеат Роми во 2024?
50. Број на нелегализирани објекти каде живеат Роми, односно постапката за легализирање е во тек (податок за 2024)?
51. Дали е донесен Закон за социјално домување, доколку не кога се планира истиот да биде донесен?
52. На кој начин се обезбедува правна и финансиска поддршка за легализирање на бесправно изградени објекти за домување на лица од ромската заедница кои се во социјален ризик?
53. Број на доделени социјални станови на Роми кои аплицирале во корисничката категорија - Лица припадници на Ромската заедница социјално загрозени согласно Стратегијата за Роми на Република Северна Македонија?
54. Број на доделени социјални станови на Роми кои аплицирале во сите 6 (шест) кориснички категории согласно Одлуката?
55. Реализирани инфраструктурни проекти (улици, пристап до канализација и слично) во места населени претежно со Ромско население во 2024 година (разделени по буџет-локален, национален или донаторски)?

<u>Согласно НАП за приоритетна област Граѓанска регистрација 2023-2025:</u>

56. Број на неевидентирани Роми во редовна матична евиденција заклучно со февруари 2025?
57. Број на Роми без државјанство кои поднеле барања за добивање на државјанство и се здобиле со истото во 2024?

Согласно НАП за приоритетна област Вработување и социјална инклузија 2023-2025:

58. Број на вработени Роми во државна администрација (разделено по институции, пол, работна позиција) заклучно со февруари 2025?
59. Број на вработени Роми во Северна Македонија заклучно со февруари 2025 (разделено по пол, приватен и јавен сектор)?
60. Број на невработени Роми во Северна Македонија заклучно со февруари 2025 (разделено по пол)?
61. Број на регистрирани бизниси раководени од Роми, распределени по пол, заклучно со февруари 2025?
62. Учество на Ромите во активните мерки за вработување, за периодот јануари 2024-февруари 2025?

Согласно НАП за приоритетна област Антициганизам 2023-2025:

63. Број на обучени лица во јавната администрација за антициганизам, заклучно со февруари 2025?
64. Ве молам наведете кои измени на легислатива и/или усогласувања ги има преземено Владата за периодот јануари 2024-февруари 2025 за вклучување на концептот на антициганизам?
65. Каква е улогата на образовните институции во превенцијата на кривични дела од омраза кон Ромите?
66. Кои институции работат на поддршка и реинтеграција на Ромите кои биле жртви на кривични дела од омраза?
67. Како надлежните институции ги след и обработува пријавите за говор на омраза и насилство насочени кон Ромите?
68. Кои мерки за заштита на жртвите на кривични дела од омраза кон Ромите се предвидени во вашите владини политики?
69. Какви мерки превенција се преземаат од страна на надлежните институции за да се спречат кривични дела од омраза кон Ромите?
70. Какви обуки или програми се организирани за судиите и полицајците во врска со препознавање и третирање на кривични дела од омраза кон Ромите?

Согласно НАП за жени и девојчиња Ромки 2022-2024 и Стратегија за родова еднаквост 2022-2027

71. Број на Роми- жртви на семејно насилство (разделени по пол) се евидентирани во системите за 2024 година? Како државата и институциите се справуваат со семејното насилство, кои се мерките за превенција и заштита?

72. Број на Роми-жртви на трговија со луѓе (разделени по пол) се евидентирани за 2024 година и колку од нив биле сместени во шелтер центар? Дали има шелтер центар достапен за жените и нивните деца и дали е достапен на ромски јазик?
73. Број на деца Роми со посебни потреби во државата заклучно со февруари 2025 година? Колку од нив се во регуларно образование?
74. Дали и кои мерки ги презема државата за економско зајакнување на жените Ромки?

Согласно Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030

75. Ве молам обезбедете податоци за предвиден буџет за 2025 година за имплементација на Стратегијата за Роми (разделено по сектори/институции)?
76. Ве молам да не известите за соработката на Кабинетот со донаторите во Северна Македонија, кои заеднички проекти ќе се спроведуваат во следниот период со донаторски средства?
77. Кои се идните планови на Кабинетот за превземање на афирмативни мерки за усогласување на политиките на Владата со Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 со цел унапредување на состојбата на Ромите во Северна Македонија на национално и локално ниво?

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
*г) електронски запис*
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
*г) е-маил* [redacted]
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер).

Место: Скопје

Датум 21.02.2025

[redacted]

## FW: Проследување барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Влада

From [redacted]
To Kontakti Opstini - Gradonacalnici <kontakti_opstini@zels.org.mk>
Copy [redacted]
Date 2025-03-18 15:44

Проследување барање од Влада.pdf (~2.4 MB)

Овластено лице за информ. од јавен карактер
Александар Стојановски
19.03.2025

Почитувани, во прилог доставуваме барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, проследено од Влада.

Ве молиме доколку имате да ни доставите податоци за прашањата под реден бр. 48, 49, 50, 52, и 55.

Со почит
ЗЕЛС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

| Примено: 19.03.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 25 | 398/1 | | |

РЕП... СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
О... А РАНКОВЦЕ
Бр. 25-398/4
21.03.2025 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), а по овластување на Градоначалникот на Општина Ранковце, согласно Решение број 08-231/1 од 13.02.2024 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце преку Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 21.03.2025 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од [redacted] до Општина Ранковце, заведено под бр. 25-398/1 од 19.03.2025 година **СЕ УВАЖУВА**. Се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и како такви ќе бидат доставени до барателот информациите со кои располага Општина Ранковце.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

До Општина Ранковце доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации [redacted] кое е примено на 19.03.2025 година и заведено во архива под бр.25-398/1, со кое Брателот бара преку е-маил да му биде доставена следната информација од јавен карактер:

- Број на ромски населби во општините кои не се урбанизирани, односно за кои општината нема донесено детален урбанистички план? Кои се плановите на општините во насока на урбанизирање на ромските населби?

- Број на легализирани објекти каде живеат Роми, во 2024?

- Број на нелегализирани објекти каде живеат Роми, односно постапката за легализирање е во тек (податок за 2024)?

- На кој начин се обезбедува правна и финанскиска подршка за легализирање на бесправно изградени објекти за домување на лица од ромската заедница кои се во социјален ризик?

- Реализирани инфраструктурни проекти (улици, пристап до каланизација и слично) во места населени претежно со Ромско население во 2024 година (разделени по буџет-локален, национален или донаторски)?

Постапувајќи по наведеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце врз основа на информациите со кои располага, а имајќи ја предвид горенаведената одредба од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на Барателот [redacted]

[redacted]
му се доставува следната информација:

- Во Општина Ранковце постојат повеќе ромски населби и за истите населени места општината има донесено Општ Акт.
- Општината Ранковце нема официјална евиденција за легализирани објекти во кои живеат Роми , бидејки барањето за легализација е унифициран образец во кој нема етничка припадност на барателите.
- Општината Ранковце нема официјална евиденција за нелегални објекти кои се во постапка а во кои живеат Роми , бидејки барањето не содржат податок за етничка припадност на барателот.
- Согласно законот сите лица со ниски примања и приматели на сооцијална помош имаат право на изработка на елаборати за легализација на бесправно изградени објекти од страна на АКН и корисниците на социјална помош се ослободени од плаќање на надоместок за легализација на бесправно изградеиот објект (односно со овие мерки се опфатени и припаднците на Ромската етничка заедница).
- Реализирани инфраструктурни проекти во места населени претежно со Ромско население во 2024 година се:

Од локален буџет:
Изградба на канализација во с.Ранковце, Десетак -Крајчина Маала (Л=477 м).

Од национален буџет:
Изградба на фекална канализација во с.Ранковце, Игралиште-Ромска маала (Л=820 м),
Реконструкција на локален пат во с. Ранковце м.в. Зердин Дуб Л= 440 м од км (фаза 2).

Од донаторски буџет:
Замена на живини светилки со нови штедливи ЛЕД светилки низ сите населени места во Општина Ранковце.
Изградба на улица во с.Ранковце - крак 2 во должина од 751m.

Согласно горенаведеното Општина Ранковце одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**
**Александар Стојановски**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

Доставено до:
- Барател на информацијата
- Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-398/5
21.03.2025 год.
РАНКОВЦЕ

До
[redacted]

**Предмет: Достава на информација**

**Почитувани,**

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер кое е заведено во архива под број 25-398/1 од 19.03.2025 година со кое барате од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да Ви бидат доставени во електронски запис на е-маил определени информации Општина Ранковце донесе Решение со кое го уважи Вашето барање и констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и Ве известуваме за следното.

По разгледување на Барањето се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и ќе бидат доставени во бараната форма и тоа:

Прилог:

- Решение бр. 25-398/4 од 21.03.2025 година;

**Со почит,**

**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Александар Стојановски**
А. Ст

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ РАНКОВЦЕ